Дневни билтени

2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември
2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022

## Извадок на дел од дневни настани 25.03.2022

На 24.03.2022 во Битола, полициски службеници од Полициска станица Битола го лишиле од слобода В.К.(43) од Прилеп. Тој бил баран со потерница од Основен суд Прилеп за доиздржување затворска казна за сторено кривично дело „тешка кражба" по член 236 од Кривичниот законик. Лицето било спроведено во Казнено - поправната установа Затвор Битола за издржување на казната.

На 24.03.2022 во 22.40 часот во с.Чегране, гостиварско, полициски службеници од СВР Тетово – Надворешна канцеларија за криминалистички работи Гостивар го лишиле од слобода Ш.Ш.(46) од с.Чегране. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени 22 пакувања кокаин и пари. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање и расчистување на случајот против него ќе биде поднесена пријава.

На 24.03.2022 во Битола, полициски службеници од Полициската станица Битола го лишиле од слобода Д.Р.(24) од Битола. Тој бил баран со потерница од Основен суд Битола за доиздржување казна затвор од 2 години и 5 месеци за сторени кривични дела „тешка кражба" по член 236 од Кривичниот законик. Лицето било спроведено во Казнено - поправната установа Затвор Битола за издржување на казната.

Денеска (25.03.2022), полициски службеници од СВР Струмица го лишиле од слобода Т.М.(37) од с.Василево, струмичко. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени 23 пакувања амфетамин и марихуана. Тој бил приведен во полициска станица и за настанот е известен Јавен обвинител од Основно јавно обвинителство Струмица. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена пријава.

На 24.03.2022 во 23.35 часот на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода С.С.(28) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 25.03.2022 во 01.50 часот на Граничниот премин Табановце, полициски службеници го лишиле од слобода И.М.(23) од Скопје, затоа што при пасошка контрола било утврдено дека во службената евиденција е на стоп-листата, поради постоење основи на сомнение дека е сторител на кривично дело „разбојништво". Тој бил предаден на полициски службеници од СВР Куманово за понатамошна постапка.

На 24.03.2022 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 35 прекршоци, од кои 30 во населено место и 5 надвор од населено место. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Санкционирани биле и 44 други видови на прекршоци, од кои 9 за управување возило без возачка дозвола, 4 за управување возило под дејство на алкохол, 4 за нерегистрирано возило, 2 за технички неисправно возило, 4 за непрописно престигнување, 4 за некористење сигурносен појас, 8 за користење мобилен телефон, 1 за прекршоци сторени од пешаци и 8 непрописно паркирање.

На 24.03.2022 во 21.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека на крстосница од ул. „Антон Димитров" со ул.„Румена Хаџипанзова", Р.А.(63) од Скопје, управувајќи мотоцикл со скопски регистарски ознаки, паднал на коловозот. Во несреќата мотоциклистот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 24.03.2022 во 12.40 часот во Полициската станица Кочани било пријавено дека на ул.„Маршал Тито" во Кочани, патничко возило „форд", со кочански регистарски ознаки, управувано од А.Н.(22) од Кочани, удрило во пешакот М.С.(80) од Кочани. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила М.С., констатирани во ЈЗУ Кочани. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Кочани.

На 24.03.2022 во 13.25 часот во Полициската станица Аеродром, Ј.Д.Ѓ.(42) од Скопје пријавила дека на ул.„69" била касната од куче скитник.

Денеска (25.03.2022) Одделот за криминалистичка полиција - Сектор за недозволена трговија со дрога, оружје и опасни материи во соработка со единиците за недозволена трговија со дрога и оружје на подрачјата на сите сектори и одделенија за внатрешни работи во државата презеде координирани активности за сузбивање на продажба на наркотична дрога, улично дилерство и недозволена трговија со оружје, во кои се приведени над 20 лични дилери од повеќе градови. При претреси извршени во домови и други простории на над 20 локации во државата беа пронајдени и одземени поголема количина марихуана, стебла канабис, 22 пакувања со хероин, амфетамин, прашкаста материја, грутчеста материја, предмети со остатоци од прашкаста материја, парични средства, две дробилки, три ваги, 29 куршуми од кои 25 со калибар 7,62 х 39 мм и четири куршуми со калибар 38 специјал, а на подрачјето на ОВР Гевгелија беше пронајдена и импровизирана лабораторија за производство на канабис. По документирање на случаите против лицата ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 24.03.2022 во Скопје, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода Ш.С.(18) од Скопје. Тој се сомничи дека околу 14.00 часот пред дом на улица „Јустинијан Први" со употреба на сила одзел златен накит од С.З.(60) од Скопје. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 24.03.2022 околу 12.15 часот на улица „Љуботенска" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода 42-годишниот Ф.Ш. од тетовска Голема Речица, затоа што кај него бил пронајден хероин. Тој бил задржан во Полициската станица Тетово за документирање на случајот и против него ќе следува поднесок.

На 24.03.2022, полициски службеници од Полициското одделение Ропотово спровеле акциска контрола, при што над с.Гостиражни пронашле околу 12 просторни метри нежигосани дабови дрва, кои биле предадени на Јавно претпријатие „Црн Бор" - Прилеп. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 24.03.2022 околу 10.00 часот во Кичево, полициски службеници од ОВР Кичево го лишиле од слобода Р.Ч.(20) од кичевското с.Црвевци, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Секторот за внатрешни работи Битола - Надворешната канцеларија за криминалистички работи Ресен до Основното јавно обвинителство Ресен до Основното јавно обвинителство Ресен поднесе кривична пријава против М.Л.(39) од Битола, поради постоење на основано сомнение дека извршила кривично дело „измама", казниво по член 247 од Кривичниот законик. Пријавената, во периодот од ноември 2021 до 14.01.2022, лажно претставувајќи се дека е вработена во Министерството за внатрешни работи, ја довела до заблуда оштетената 44-годишна жителка на Ресен дека ќе ѝ овозможи вработување за сопругот за надомест од 3.000 евра. Откако ветувањето не било реализирано, оштетената сфатила дека е измамена и го пријавила случајот.

На 24.03.2022 во 11.30 часот во Полициската станица Центар било пријавено дека во Градскиот трговски центар, на подрачјето на Центар, по претходно недоразбирање, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Ф.Ј.(36), женско лице од Австрија, од една страна и А.Р.(65) и С.Р.(60) - женско лице, двајцата од Скопје. Според пријавеното, Ф.Ј. се однесувала агресивно и кон полициски службеници кои вршеле службени дејства. Сочинет е записник за констатиран прекршок по член 4, член 11 и член 13 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Д.К.(23) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропно супстанци и прекурсори". На 15.03.2022 полициски службеници извршиле претрес во неговиот дом, при што пронашле и одзеле марихуана, кокаин и пари.